# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 8 | Вторник, 27.04.2010 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


## С о д р ж и н а

### Совет на општина Струмица:


| Р.б. | | Стр. |
|---|---|---|
| **73.** | **Буџетски календар** за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2011 год .... | 2 |
| **74.** | **Одлука** за основање на Јавно претпријатие за енергетика ........... | 3 |
| **75.** | **Одлука** за донесување на План за изменување и дополнување на ГУП на град Струмица за плански период 2006 – 2020 година……….. | 6 |
| **76.** | **Одлука** за донесување на Урбанистичкиот план вон населено место КО Водоча – локалитет м.в. „Попово Лозе“, откуп – примарна и финална обработка на земјоделски производи .................. | 7 |
| **77.** | **Одлука** за донесување на Детален урбанистички план блок бр.„41/2“ дел УЕ„5“ во Струмица .... | 8 |
| **78.** | **Одлука** за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица ...................... | 8 |
| **79.** | **Одлука** за изменување на Одлуката за определување на надоместоците на членовите на Советот на општина Струмица .......................... | 9 |
| **80.** | **Одлука** за утврдување надомест на трошоците за престој на деца во ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица ... | 10 |
| **81.** | **Заклучок** за усвојување на Финансискиот извештај со годишната сметка на СОУ „Јане Сандански“ Струмица .......................................... | 11 |
| **82.** | **Заклучок** за усвојување на Финансискиот извештај со годишната сметка на СОУ „Димирар Влахов“ Струмица .......................................... | 11 |
| **83.** | **Заклучок** за усвојување на Финансискиот извештај со годишната сметка на СОУ „Никола Карев“ Струмица ....................................... | 12 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2011 година

1.Се објавува Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2011 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08-2534/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................

## 73.

Врз основа на член 27 точка 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр 61/04 ) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**Б у џ е т с к и к а л е н д а р**
**за подготовка и донесувањена Буџетот на општина Струмица**
**за 2011 година**

| **Можен датум** | **Б у џ е т с к и а к т и в н о с т и** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| Април-мај 2010 | Советот на општината донесува Буџетски календар | Совет на општина Струмица |
| Мај-јуни 2010 | Советот на општината усвојува развојни документи | Совет на општина Струмица |
| 1-30 09/10 | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општината | Чл.21 од Законот на буџетите(“Сл.весник на РМ’бр.61/04);чл.27 ст.1 и 2 од Законот за финансирање на ЕЛС(“Сл.весник на РМ” бр.61/04) |
| 05/10/ 2010 | Градоначалникот и Секторот за финансии и буџет се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година имајки ги во предвид собраните барања од граѓаните, НВО, институции од обласа на културата и спортот и други | Градоначалникот, Секторот за финансирање и буџет |
| 10/10/ 2010 | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатства се доставуваат до другите сектори и сите општински буџетски корисници заедно со писмото од Градоначалникто за зацртаните одредби | Сектор за финансирање и буџет |
| 20/10/ 2010 | Градоначалникот подготвува предлог план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот | Градоначалник |

| | | |
|---|---|---|
| 25/10/ 2010 | Проценката на трошоците и изготвените програмски активности за наредната буџетска година се враќаат во Секторот за финансирање и буџет од останатите сектори и општинските буџетски корисници | Ракоодители на сектори Буџетски корисници |
| 30/10/ 2010 | a. Се собираат буџетските барања<br>b. Барањата се анализират усогла-суваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи | Сектор за финансирање и буџет |
| 15/11/ 2010 | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој и тој станува составен дел на Предлог-буџетот | Совет на општина |
| Ноември 2010 | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените предлог - буџетски пресметки и го одобрува Предлог-буџетот подготвен од Секторот за финансирање и буџет | Градоначалник |
| Ноември 2010 | а. Предлог-буџетот се доставува до Советот на општината<br>б. Се одобрува содржината на Предлог-буџетот и се дава на достапност на јавноста; и<br>в. Се одржуваат јавни тибини, анкети, предлози на граѓани и форуми на заедници | Градоначалник |
| Декември 2010 | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на градоначалникот | Градоначалник |
| Декември 2010 | Се води расправа во телата на Советот на општината | Комисија за буџет и финансии |
| Декември 2010 | 1. Седница на Советот на општината за Донесување на Буџетот за наредната година<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно чл.28 ст.2 од Законот за финансирање на ЕЛС ("Сл. весник на РМ"бр.61/04) | Совет на општина Струмица |

Буџетскиот календар влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2534/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..........................................................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица" бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за енергетика

1. Се објавува Одлуката за основање на Јавно претпријатие за енергетика, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08-2530/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**74.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 3 став 3 и член 9 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03 и 49/06), член 7 став 1 од Законот за енергетика („Сл. весник на РМ" бр.63/06) и член 20 од Статутот на

општина Струмица („Сл.гласник на општина Срумица” бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЕНЕРГЕТИКА**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Струмица основа јавно претпријатие за вршење на енергетски дејности од јавен интерес од локално значење за Општината и тоа:

- дистрибуција на природен гас;
- управување со системот за дистрибуција на природен гас;
- снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас;
- производство на топлинска енергија;
- дистрибуција на топлинска енергија;
- снабдување со топлинска енергија;
- дистрибуција на геотермална енергија;
- снабдување со геотермална енергија; и
- производство на енергија од обновливи енергетски извори.

**Член 2**

Називот на јавното претпријатие гласи: Јавно претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА -ГАС, Струмица (во натамошниот текст: Претпријатие).

Скратениот назив на Претпријатието гласи: ЈП „СТРУМИЦА-ГАС“, Струмица.

**Член 3**

Седиштето на Претпријатието е во Струмица на ул.,,Боро Џони“ бр. 10

**Член 4**

Претпријатието ќе ги врши енергетските дејности од јавен интерес од локално значење за градот утврдени со закон, а особено:

**35.22** Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи;

**35.23** Трговија на гас преку дистрибутивните системи;

**35.30** Снабдување со пареа и климатизација;

**43.22** Поставување на инсталација за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди;

**46.71** Трговија на големо со цврсти,течни и гасовити горива и слични производи; и

**52.10** Складирање на стока.

Субјектот ќе врши дејности во надворешно – трговскиот промет;

Претежна дејност на претпријатието е:

„**35.22** Дистрибуција и трговија на гасовити горива преку дистрибутивна мрежа”.

Дејностите од став 1 на овој член се вршат врз основа на лиценца, а во согласност со законот.

Дејностите од став 1 на овој член се дејности од јавен интерес.

**Член 5**

Претпријатието има својство на правно лице и за преземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.

Претпријатието со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во трговскиот регистар.

**Член 6**

Претпријатието не може да врши промена на дејноста од член 4 на оваа Одлука, промена на статусот, називот и седиштето, без претходна согласност на основачот.

**Член 7**

Почетните средства за работа на Претпријатието, во износ од 2.500,00 евра во денарска противредност, се обезбедуваат од Буџетот на општина Струмица.

**Член 8**

Претпријатието е во целосна сопственост на Општина Струмица.

**Член 9**

Вршењето на дејноста од член 4 на оваа Одлука се обезбедува од средствата што ќе се остварат преку цената на услугата, од средства на буџетот на основачот како и од други средства согласно закон.

**Член 10**

Претпријатието е должно да се придржува кон програмата со која се планира развојот и финансирањето на дејноста енргетика.

**Член 11**

Управувањето со Претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

Претпријатието своето материјално финансиско работење ќе го води според финансиските и сметководствените правила и стандарди на трговските друштва и според меѓународните сметководствени стандарди (ИАС).

Годишната сметка и финансискиот извештај на Претпријатието подлежат на ревизија од страна на независна ревизорска куќа.

**Член 12**

Органи на Претпријатието се Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошен текст: надзорен одбор) и директор.

**Член 13**

Управниот одбор на Претпријатието се состои од 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Струмица.

**Член 14**

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години.

Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор, тој продолжува да ги врши функциите до именувањето на нов Управен одбор.

**Член 15**

Надзорниот одбор на Претпријатието се состои од 5 (пет) члена кои ги именува и разрешува Советот на Општина Струмица.

Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае 4 години.

**Член 16**

Со работата на Претпријатието раководи директор што го избира и разрешува Градоначалникот на Општина Струмица, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го претставува и застапува Претпријатието.

**Член 17**

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на Претпријатието се утврдуваат со Статутот, во согласност со закон.

**Член 18**

Се овластува лицето од член 16 да поднесе пријава за регистрација на Јавното претпријатие пред надлежниот регистарски орган.

**Член 19**

Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа.

Претпријатието може да основа и подружница согласно потребите и дејноста.

Внатрешната организација поблиску ќе се уреди со посебен акт на Претпријатието.

**Член 20**

Статутот на Претпријатието ќе се донесе и именувањето на органите на Претпријатието ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на уписот во Централниот регистар, а другите акти ќе се донесат во рок од 60 дена од донесувањето на Статутот.

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на Општина Струмица”, а ќе се применува со денот на уписот во Централниот регистар на РМ.

Бр.07-2530/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на План за изменување и дополнување на ГУП на град Струмица за плански период 2006 – 2020 година

1. Се објавува Одлуката за донесување на План за изменување и дополнување на ГУП на град Струмица за плански период 2006 – 2020 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08-2531/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**75.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр. 24/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на План за изменување и дополнување на ГУП на град Струмица за плански период 2006 - 2020 година**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува План за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица за планскиот период 2006 - 2020 година

Член 2

Планот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица за планскиот период 2006-2020 година, ги опфаќа следните блокови:

- Урбан блок 36;
- Урбан блок 37;
- Урбан блок 6;
- Урбан блок 11;
- Урбан блок 19;
- Урбан блок 13;
- Урбан блок 20;
- Урбан блок 32.

Член 3

Опфатот и површината на кој се врши изменување и дополнување со Планот се утврдени во Планската програма за измена и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица за планскиот период 2006-2020 и се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Планот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица за планскиот период 2006-2020 година, содржи:

- Документациона основа;
- Планска документација.

Член 5

Планот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица за планскиот период 2006-2020 година, се состои од текстуален и графички дел, кои се составен дел на оваа Одлука .

Член 6

Планот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица за планскиот период 2006-2020, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-2531/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Урбанистичкиот план вон населено место КО Водоча – локалитет м.в. „Попово Лозе“, откуп – примарна и финална обработка на земјоделски производи

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистичкиот план вон населено место КО Водоча – локалитет м.в. „Попово Лозе“, откуп – примарна и финална обработка на земјоделски производи, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08-2532/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

............................

**76.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.24/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл.гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Урбанистичкиот план вон населено место КО Водоча - локалитет м.в. „Попово лозе“, откуп – примарна и финална обработка на земјоделски производи**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план - вон населено место КО Водоча - локалитет место викано „Попово лозе“, откуп - примарна и финална обработка на земјоделски производи.

Член 2

Урбанистичкиот план вон населено место КО Водоча - локалитет м.в. „Попово лозе“, откуп - примарна и финална обработка на земјоделски производи е со вкупна површина од 2,14 ха, изработен од ДОО „Урбан“ Штип, со технички број 103/08 од март 2008 год.

Член 3

Урбанистичкиот план вон населено место КО Вадоча локалитет м.в. „Попово Лозе“, откуп - примарна и финална обработка на земјоделски производи се состои од текстуален и графички дел, кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Урбанистичкиот план вон населено место КО Вадоча локалитет м.в. „Попово Лозе“, откуп - примарна и финална обработка на земјоделски производи, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-2532/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план блок бр.„41/2“ дел УЕ „5“ во Струмица

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план блок бр. „41/2“ дел УЕ „5“ во Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08-2533/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**77.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр. 24/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Детален урбанистичкиот план за блок бр. „41/2“ дел УЕ „5“ во Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистичкиот план за блок бр. „41/2“ дел Урбана единица „5“ во Струмица.

Член 2

Деталниот урбанистичкиот план за блок бр. „41/2“ дел Урбана единица „5“ во Струмица е со површина од 13,50 ха, е изработен од „Урбан“ ДОО Штип, со технички број 106/09 од март 2009 година.

Член 3

Деталниот урбанистичкиот план за блок бр. „41/2“ дел Урбана единица „5“ во Струмица се состои од текстуален и графички дел, кои се составен дел на оваа Одлука .

Член 4

Деталниот урбанистичкиот план за блок бр. „41/2“ дел Урбана единица „5“ во Струмица, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-2533/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ “бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08-2451/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................................

**78.**

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 91/09) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица**

Член 1

Се утврдува потребата од изработување на урбанистичка планска документација на подрачјето на општина Струмица за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

| р.б. | Катастарска/градежна парцела | Подносител на иницијатива | |
|---|---|---|---|
| 1 | КП 6608/14 и КП6608/15 КО Струмица (ГП 1од УБ 9) | “АГРОФРУКТУС “дооел Валандово | самоинвестирање |
| 2 | КП 7369/2 КО Струмица | “Архигота Инженеринг “Струмица | самоинвестирање |
| 3 | КП 3063,3067/3, дел од 3068/1, 3068/3, 3069, 3070 и 3056/2 КО Куклиш | “Металопромет “ дооел Струмица | самоинвестирање |
| 4 | Од КП 3022 до КП 3051, КП 3053, КП 3054, од КП 3057до КП 3061 и дел од КП 3063 КО Куклиш | “Металопромет “ дооел Струмица | самоинвестирање |

Член 2

Одлуката за изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица, претставува основа за изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација со која се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат,како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела,за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија, а заради реализација на инвестициски проекти од значење на општината.

Член 3

По утврдувањето на потребите од изработување на урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот, истата треба да биде одобрена од Градоначалникот на општина Струмица

Член 4

Средства за изработка на ЛУПД ќе се обезбедат со самоинвестирање

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-2529/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл.гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на надоместоците на членовите на Советот на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за определување на надоместоците на членовите на Советот на општина Струмица , донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08 – 2535/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................................

**79.**

Врз основа на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Сл.весник на РМ бр.42/2010) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**Одлука**
**за изменување на Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Струмица**

Член 1

Во Одлуката за изменување на Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр.19/07, 7/09 и 4/10), членот 1 се менува и гласи:

„Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот на општината изнесува 70% од просечната месечна нето плата во Републиката, исплатена за претходната година".

Член 2

Се задолжува Комисијата за статут и прописи, да изготви пречистен текст на Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Струмица.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2535/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Решение
за објавување на Одлуката за утврдување надомест на трошоци за престој на деца во ЈОУДГ „Детска Радост" Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување надомест на трошоците за престој на деца во ЈОУДГ „Детска Радост" Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08-2536/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

.........................................

**80.**

Врз основа на член 115 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ" бр. 98/00, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09 и 156/09) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица во согласност со Управниот одбор на ЈОУДГ „Детска Радост" Струмица, на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**Одлука**
**за утврдување надомест на трошоци за престој на деца во ЈОУДГ „Детска радост" Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на ЈОУДГ „Детска радост" – Струмица.

Член 2

Надоместок за престој на децата што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на ЈОУДГ „Детска Радост" Струмица, се утврдува месечно по дете и тоа:

-За Програма за целодневен престој за деца до 6 годишна возраст .......................... 1.490,00 денари;

- За Програма за целодневен престој на деца од 6 до 10 години ..................... 1.490,00 денари.

Член 3

Утврдениот износ на надоместокот од член 2 од оваа Одлука се наменува:

- 65% за исхрана на децата; и
- 35% за материјални трошоци.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2536/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски с.р.

……………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Јане Сандански“ Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Јане Сандански“ Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08-2537/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................................

**81.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл.гласник на општина Струмица бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Јане Сандански“ Струмица**

1. Се усвојува Финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Јане Сандански“ Струмица за 2009 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-2537/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.........................................\

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Финансискиот извештај со годишната сметка на СОУ „Димитар Влахов Струмица

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Финансискиот извештај со годишната сметка на СОУ „Димитар Влахов“ Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08-2538/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**82.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл.гласник на општина Струмица бр.5/о6), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Димитар Влахов “ Струмица**

1. Се усвојува Финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Димитар Влахов“ Струмица за 2009 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-2538/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е

за објавување на Заклучокот за усвојување на Финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Никола Карев“ Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Никола Карев“ Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.04.2010 година.

Бр.08 – 2538/2 Градоначалник
27.04.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................

## 83.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл.гласник на општина Струмица бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.04.2010 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Никола Карев “ Струмица**

1. Се усвојува Финансискиот извештај со Годишната сметка на СОУ „Никола Карев“ Струмица за 2009 година.

2.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-2539/1 Совет на општина Струмица
26.04.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

…………………………..